Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневни настани 08.02.2023

На 07.02.2023 во 20.35 часот во Радовиш, полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Радовиш го лишиле од слобода Ф.Ш.(38) од село Зрновци, општина Зрновци. Тој бил баран по потерница врз основа на наредба од Казнено-поправната установа Затвор Штип за доиздржување на затворска казна во времетраење од една година и 7 месеци за сторени кривични дела „загрозување на сигурноста" и „фалсификување исправа". Лицето било предадено во установата за доиздржување на казната.

Денеска (08.02.2023) во 04.30 часот на ул.„Брака Џунови" во Кавадарци, полициски службеници од ОВР Кавадарци го привеле Џ.Д.(33) од Кавадарци. За него била распишана потерница по наредба на Казнено – поправната установа Затвор Гевгелија поради бегство од затворот. Лицето ќе биде спроведено во установата за доиздржување на казната.

На 07.02.2023 во 11.55 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Т.Т.(41) од Куманово. Тој се сомничи дека на 26.12.2022 во Куманово, 31-годишен жител на Липково за сума од 400 евра. Имено, откако се договориле дека ќе му изгради куќа, ги зел паните и веќе не се појавил. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе следува соодветна пријава.

На 07.02.2023 во 13.40 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Р.Р.(26) од Куманово. Тој се сомничи дека на 26.12.2022 одзел повеќе предмети од приватен имот на улицата „Перо Чичо" во вредност од околу 280.000 денари. Дел од предметите ќе пронајдени и вратени на сопственикот, а Р.Р. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 07.02.2023 во 20.40 часот на улица „11 Септември" во Кичево, полициски службеници од ОВР Кичево го лишиле од слобода Б.М.(37) од Кичево, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во текот на вчерашниот ден (07.02.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционираше се 141 возач. Од нив три возила се движеле со над 50 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 80 возила ја пречекореле брзината во населено место, а 61 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (07.02.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 127 мерки, меѓу кои за користење мобилен телефон при возење 14 санкции, пет мерки за возење без возачка дозвола, пет санкции за технички неисправни и нерегистрирани возила. Изречени се три санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), три мерки за возење под дејство на алкохол...

Во текот на вчерашниот ден (07.02.2023) во периодот од 08.00 до 12.00 часот Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните правила и прописи при управување на товарни моторни возила. При контролата 98 товарни моторни возила биле упатени на вонреден технички преглед од кои неисправни биле 31 товарно моторно возило и тоа: 19 за техничка неисправност на уредот за запирање, три за претовар, 10 за неисправни составни делови и опрема, а двајца возачи управувале со неисправни светлосни уреди. При контролата санкционирани се и 121 останат прекршок.

На 07.02.2023 на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 12 прекршоци, од кои 8 во населено место и 4 надвор од населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Истиот ден, во периодот од 08.00 до 12.00 часот, на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на товарни возила. За време на акциската контрола биле констатирани 6 прекршоци и сите биле соодветно санкционирани. Санкционирани биле и 22 други видови на прекршоци од кои 8 за управување на возило без возачка дозвола, 3 за технички неисправно возило, 3 за управување возило под дејство на алкохол, 4 за некористење сигурносен појас, 3 за непропишано паркирање 1 за непропишано вградени фолии..

Во рамките на континуираните активности за поголем ред и безбедност на патиштата во тетовско – гостиварскиот регион, вчера (07.02.2023) од 08.00 до 12.00 часот спроведена е акциска контрола на товарни возила, претежно камиони, комбиња и пик-ап возила. При контролата, биле открени и санкционирани вкупно 6 технички неисправни возила (ТЕ-5 и ГВ-1), од кои 5 (ТЕ) имале неисправни сопирачки, а 1 (ГВ) неисправни други системи и опрема. Сите неисправни возила веднаш се исклучени од сообраќај и на возачите им се изготвени соодветни поднесоци во кои за ваков прекршок е предвидена парична глоба од 400 евра во денарска противвредност. Покрај ова, кај 5 возила (ТЕ-2 и ГВ-3) бил констатиран претовар, како и 3 (ГВ) други видови недостатоци. Санкционирани, исто така, биле и двајца возачи (ТЕ) поради користење на неатестирани фолии и зборување на мобилен телефон, а поради непропишано, односно погрешно паркирање биле подигнати 7 возила (ТЕ).

На 07.02.2023 во 10.10 часот во Полициската станица Чаир, Ж.Р.(39) од Скопје пријавила дека во населбата Радишани нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 07.02.2023 во ОВР Прилеп, С.Л.(70) од Прилеп пријавила дека на ул„Мирче Ацев" во Прилеп била касната од кучен скитник.

Денеска (08.02.2023) во 11.55 часот на ул.„Бутелски венец" на подрачјето на Шуто Оризари, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода О.Р.(39) од Скопје. Тој бил баран по централна потерница врз основа на наредба од Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од една година и пет месеци за сторено кривично дело „тешка кражба" од член 236 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде спроведено во надлежната казнено - поправна установа за издржување на казната.

Денеска (08.02.2023), полициски службеници од криминалистичката полиција при СВР Битола и Полициската станица од општа надлежност Битола го лишиле од слобода Д.О.(37) од Битола. Тој се сомничи дека на подрачјето на Битола извршил две теши кражби, при што одзел повеќе предмети. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени предмети кои потекнуваат од кривичните дела. Одземените предмети биле вратени на сопствениците, а лицето било задржано во полициска станица. По целосно расчистување и документирање на случајте, против него ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Б.Ц.(54) од струшко село Октиси, поради постоење основано сомнение за сторени кривични дела „злоупотреба на службената положба и овластување" и „фалсификување службена исправа". Тој, во својство на службено лице референт по сеча и дотур во ЈП „Национални шуми"- Подрачно шумско стопанство „Јабланица" Струга, на 01.11.2022 изготвил испратница со невистинита содржина, ја заверил со службен печат, внесувајќи во неа невистинити податоци за бесправно исечено огревно дрво. Со тоа, пријавениот им овозможил на физички лица од Струга продажба на буково огревно дрво и противправна имотна корист од 40.000 денари.

Денеска (08.02.2023), во периодот од 08.00 до 12.00 часот, на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола за прекршоци што ги прават пешаците во сообраќајот. Од извршената контрола биле констатирани 38 прекршоци, и тоа 32 за преминување на улиците надвор од обележан пешачки премин, 4 за некористење тротоар и 2 други прекршоци сторени од пешаци. На сите им биле изготвени соодветни поднесоци. Санкционирани биле и 10 други видови прекршоци.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Н.П.(37) од струничкото село Секирник, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем". Тој, по објава од еден портал на социјална мрежа Фејсбук, постирал коментар со недолична и закануваачка содржина со што промовирал и поттикнувал омраза и насилство.

Денеска (08.02.2023), во периодот од 08.00 до 12.00 часот, Секторот за внатрешни работи Битола спроведе акциска контрола на територијата на СВР Битола за санкционирање на прекршоци што ги прават пешаците. При контролата санкционирани се 36 пешаци. За време на контролата биле регистрирани и санкционирани и 4 останати прекршоци.

На 07.02.2023, при спроведени сообраќајни контроли во Дебар, полициските службеници од Полициското одделение за безбедност во патниот сообраќај, на вонреден технички преглед упатиле четири моторни возила. Притоа, кај две возила биле утврдени неисправен уред за сопирање и тие биле исклучени од сообраќај, а против возачите се поднесени соодветни платни налози.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Е.С.(34) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „издавање чек без покритие и злоупотреба на платежна картичка". Во периодот од 30.12.2022 до 04.01.2023, пријавениот злоупотребил платежна картичка на едно лице и во неколку наврати од различни локации извршил плаќања во угостителски објекти и хотели во Гостивар, а воедно и подигнал парични средства од банкомати во градот во износ од 2.556 евра.

На 07.02.2023 во 14.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 12.30 часот во автобус бр.57 на ЈСП на подрачјето на Бит Пазар, едно лице физички нападнало малолетничка од Скопје, а потоа физички го нападнало и Ќ.С.(32) од Скопје, кој сакал да ја одбрани малолетничката. Се работи на расчистување на случајот.

Единицата за сериозен криминал и кривични дела против културно наследство при Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал при МВР поднесе кривична пријава против А.Ф.(20), поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 21.12.2022, при претрес во домот на пријавениот, биле пронајдени и одземени автоматска пушка со калибар 7,62 мм „АК-47-Калашников", рамка, 31 куршум за автоматска пушка калибар 7,62 мм и 100 куршуми за пиштол калибар 9 мм.

На 07.02.2023 во 07.30 часот во СВР Скопје, В.П.(39) од Скопје пријавила дека околу 03.30 часот под казино на ул.„Митрополит Теодосиј Гологанов", во два наврата била турната од лица од обезбедувањето и уште едно лице, на што претходела кратка расправија. Се работи на расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Т.С.(32) од село Ложани, струшко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „затајување". Во периодот од 02.06.2022 до 09.08.2022, пријавениот, работен во приватна фирма како локален дистрибутер, противправно присвоил парични средства во износ од 225.105 денари и за тој износ ја оштетил фирмата.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против З.В.(61) од село Пештани, охридско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „незаконит риболов" и „лажно пријавување на кривично дело" и против Г.М.(50) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „незаконит риболов". На 02.07.2022 во село Пештани, полициски службеници ги затекнале пријавените како со пловен објект излегуваат од Охридското Езеро, а при извршениот преглед пронашле и одзеле четири рибарски мрежи и повеќе парчиња риба. Исто така, пријавениот, на 03.07.2022 лажно пријавил кривично дело „кражба", изјавувајќи дека неговото кајче е украдено.

Денеска (08.02.2023) во 00.41 часот во СВР Скопје било пријавено пред казино на ул.„Христо Татарчев" се слушнал силен звук како детонација. Нема повредени лица, а нема оштетувања на казиното и на околните објекти. Увид бил извршен и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Велес поднесе кривична пријава против М.С.(62) од село Раштани, велешко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување". На 08.03.2022, пријавениот, работен во Шумска полиција, иако знаел дека нема никакво попречување во вршењето на службената должност, му поднел прекршочна пријава на Б.Н. со намера да му нанесе материјална штета и да му наштети на неговиот углед.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против К.Ј.(30) и Н.Ј.(18), двајцата од село Раковец, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 25.10.2022 во Тетово, пријавените физички го нападнале Е.Ш. и му нанеле повреди.

На 06.02.2023 во 14.30 часот во Полициската станица Карпош, од Јавна установа за згрижување на деца било пријавено дека од установата се оддалечил нивниот штитеник Р.Н.(16). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Н.Ќ. од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување службено лице во вршење службено дејствие". На 10.12.2022 на фудбалското игралиште АМЦ Тетово, при одигрување на фудбалски натпревар помеѓу екипите на ФК „Тетекс" од Тетово и ФК „Арсими" од село Чегране, дел од домашните навивачи се обиделе физички да се пресметаат со гостинските навивачи. Притоа, полициските службеници излазе надворе да застанат, но дел од нив, меѓу кои и пријавениот, не застанале и продолжиле да се туркаат со полициските службеници.